# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

БРОЈ 10 | КОЧАНИ, 03 септември 2025 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), в.д. Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актот донесен на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 27.08.2025 година

I.

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 27.08.2025 година, и тоа:

1. Одлуказа утврдување на работното време на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани, Бр.09-1319/1,

2. Листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани, Бр.09-1327/1,

3. Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 6.50.01 во Детален урбанистички план ГЧ6 од ГУП за град Кочани, тех.бр.0801/465-17, донесен со одлука бр.09-795/1 од 22.04.2024г. Бр.09-1323/1,

4. Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б48.16, (КП 10734/2 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.), Бр.09-1324/1,

5. Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б9.22, (КП 10208/6 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.), Бр.09-1325/1,

6. Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани за 2026 година, Бр.09-1320/1,

7. Заклучок за давање согласност за организирање на продолжен престој на ученици од I-III одделение во ОУ„Св.Кирил и Методиј“-Кочани, Бр.09-1322/1,

8. Заклучок за давање согласност за згрижување на поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани , Бр.09-1318/1,

9. Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските средни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година, Бр.09-1321/1,

10. Заклучок за усвојување на извештаите за работењето на општинските основни училишта за учебната 2024 -2025 година, Бр.09-1315/1,

11. Заклучок за усвојување на годишните програми за работа на општинските основни училишта за учебната 2025-2026 година, Бр.09-1316/1,

12. Заклучок за усвојување на годишна програма за работа на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани за 2025/2026 година, Бр.09-1317/1.

II.

Го објавувам и Решението за запирање на објавувањето на: Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година, Бр.08-1349/1 од 03.09.2025 година

III.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.08-1328/1
03.09.2025 година
К о ч а н и

в.д. Градоначалник
на Општина Кочани
Венко Крстевски

Врз основа на членот 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“, бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015 , 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 88/2020, 311/2020, 294/2021, 150/2022, 236/2022265/2024, 17/2025 И 132/2025), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 27.08. 2025 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на работното време на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува работното време на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“-Кочани:

- Работно време (во сите пет објекти – клонови),по програма за целодневен престој од 5:45 до 17:00 часот

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1319/1
27.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 5 став 2 од Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 55/07, 145/10, 136/11,163/13 , 147/15 и 224/24) Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 27.08.2025 година, утврди

Листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани

I.За имиња на улици,плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Кочани се определуваат:

1)Улици
2) Плоштади
3) Мостови
4) Други инфраструктурни објекти

1.Кочанските ангели

II. Листата, согласно членот 5 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти се доставува до Владата на Република Северна Македонија, за добивање согласност.

III. Листата за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачје на општина Кочани влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Кочани“, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 09-1327/1
27.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

О б р а з л о ж е н и е

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
КОЧАНИ (I)
Примено: 13.06.2025
Број | Прилог | Вредност
03-99/64

Архивски знак:
Рок на чување:
Потпис,
20 година

Бр. 02-321/2
13.06 2025 год.
КОЧАНИ

На одржаната седница на ден 13.06.2025 година (петок) под дел. бр. 02-321/1 од 13.06.2025 година Училишниот одбор при ООУ „Николан Карев“ ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

за именување на спортската сала при ООУ „Никола Карев“ - Кочани

-Училишниот одбор даде согласност и донесе Одлука за именување на спортската сала при ООУ „Никола Карев“ – Кочани во чест на жртвите од пожарот во дискотеката пулс. Предлог на Училишниот одбор е спортската сала во ООУ „Никола Карев“ да биде именувана во „Кочанските ангели“. Одлуката да се достави до Советот на Општина Кочани на разгледување и усвојување.

**Доставено до:**

**-архива**

**-Совет на Општина Кочани**

**Претседател на Училиштен одбор:**

**Горјан Алексов**

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 27.08.2025 година, донесе

ОДЛУКА
за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 6.50.01 во Детален урбанистички план ГЧ6 од ГУП за град Кочани, тех.бр.0801/465-17, донесен со одлука бр.09-795/1 од 22.04.2024г.

Член 1

Со оваа Одлука се врши техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 6.50.01 во Детален урбанистички план ГЧ6 од ГУП за град Кочани, тех.бр.0801/465-17, донесен со одлука бр.09-795/1 од 22.04.2024г., по добиеното позитивно мислење бр. 22-496/2 од 16.07.2025г. од Комисија за урбанизам, формирана со Решение бр. 22-1885/2 од 05.10.2021 година од градоначалникот на Општина Кочани.

Предмет на техничката исправка е промена на нумеричките показатели за ГП 6.50.01 во табелите, во текстуалниот и графичкиот дел во Детален урбанистички план ГЧ6 од ГУП за град Кочани, тех.бр.0801/465-17, донесен со одлука бр.09-795/1 од 22.04.2024г., односно:

- Во текстуалниот дел од Планска документација на Деталниот урбанистички план за ГЧ 6 од ГУП за град Кочани, тех.бр. 0801/465-17 од Април 2024 година, донесен со Одлука бр. 09-795/1 од 22.04.2024 година, во табеларниот приказ за БЛОК 6.50, во 4 ред (6.50.01), колона 3 (површина под градба), бројот „100m$^2$" се заменува со бројот „120m$^2$", колона 4 (процент на изграденост), бројот „28%" се заменува со бројот „33%" колона 5 (бруто развиена површина), бројот „280m$^2$" се заменува со бројот „336m$^2$", колона 6 (коефициент на искористеност), бројот „0.77", се заменува со бројот „0.93". Во 123 ред, колона 3 (површина под градба), бројот „22846m$^2$", се заменува со бројот „22866m$^2$", колона 5 (бруто развиена површина), бројот „43983m$^2$", се замнува со бројот „44020m$^2$".

Член 2

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 6.50.01, од Детален урбанистички план ГЧ6 од ГУП за град Кочани, тех.бр.0801/465-17, донесен со одлука бр.09-795/1 од 22.04.2024г., со технички бр. бр.0801-237/25 од мај 2025 г. изработена од ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, е составен дел на Детален урбанистички план ГЧ6 од ГУП за град Кочани, донесен со одлука бр.09-795/1 од 22.04.2024г.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани"

Бр. 09-1323/1
27.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 27.08.2025 година, донесе

ОДЛУКА
за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б48.16, (КП 10734/2 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.)

Член 1

Со оваа Одлука се врши техничка исправканаурбанистичкипланнанумерички податоци за ГП Б48.16, (КП 10734/2 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.), по добиеното позитивно мислење бр. 22-514/2 од 21.07.2025г. од Комисија за урбанизам, формирана со Решение бр. 22-1885/2 од 05.10.2021 година од градоначалникот на Општина Кочани.

Предмет на техничката исправка е корекција на нумеричките показатели за градежната парцела ГП Б48.16 во табелите од нумеричкиот дел на Измена и дополнување на ДУП за град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), односно:

- Во табеларниот приказ со нумеричи показатели од Планска документација на Измена и дополнување на Детален урбанистички план на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), „Детален лист 24" во табелата „БРОЈ БЛОК Б48" , во податоците за ГП 16, ред 24, колона 4 - ( ПОВРШИНА НА ГП), бројот „450 " се заменува со бројот „374 ", колона 5 - (ИЗГРАДЕНОСТ М2), бројот „112 " се заменува со бројот „180" , колона 6 - (ИЗГРАДЕНОСТ %) бројот „39" се заменува со бројот „48 ", и колона 7 - (к) бројот „0,8 " се заменува со бројот „1,0 ".

Член 2

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б48.16, (КП 10734/2 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.), со технички бр.105/25-У од јули 2025г. изработена од ДПРН ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, е составен дел на Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани"

Бр. 09-1324/1
27.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 27.08.2025 година, донесе

ОДЛУКА
за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б9.22, (КП 10208/6 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.)

Член 1

Со оваа Одлука се врши техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б9.22, (КП 10208/6 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.), по добиеното позитивно мислење бр. 22-650/2 од 22.08.2025г. од Комисија за урбанизам, формирана со Решение бр. 22-1885/2 од

05.10.2021 година од градоначалникот на Општина Кочани.

Предмет на техничката исправка е корекција на нумеричките показатели за градежната парцела ГП Б9.22 во табелите од нумеричкиот дел на Измена и дополнување на ДУП за град Кочани ( донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), односно:

- Во табеларниот приказ со нумеричи показатели од Планска документација на Измена и дополнување на Детален урбанистички план на град Кочани ( донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), „Детален лист 20“ во табелата „БРОЈ БЛОК Б9“, во податоците за ГП 22, ред 13, колона 4 - ( ПОВРШИНА НА ГП), бројот„ 432“ се заменува со бројот „487“, колона 5 - (ИЗГРАДЕНОСТ М2), бројот „126 “ се заменува со бројот „147“, колона 6 - (ИЗГРАДЕНОСТ %) бројот „29“ се заменува со бројот „30“.

Член 2

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б9.22, (КП 10208/6 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.), со технички бр.116/25-У од август 2025г. изработена од ДПРН ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, е составен дел на Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кочани”

Бр. 09-1325/1
27.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 20-б, став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019, 14/2020, 95/2020, 302/2020, 208/2024 И 210/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 27.08.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани за 2026 година

I

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во ООМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани за 2026 година, бр. 01-93/1 од 22.04.2025 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1320/1
27.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 40 став 5 и став 7 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 76/2020, 229/2020, 3/2025 И 74/2025), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 27.08.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност за организирање на продолжен престој на ученици од I-III одделение во ОУ„Св.Кирил и Методиј“-Кочани

I.
Се дава согласност за организирање на продолжен престој на ученици од I-III одделение во ОУ„Св.Кирил и Методиј“-Кочани.

II
Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1322/1
27.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“, бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015 , 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 88/2020, 311/2020, 294/2021, 150/2022, 236/2022, 265/2024, 17/2025 И 132/2025), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 27.08. 2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност за згрижување на поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани

I.

Се дава согласност за згрижување поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ - Кочани, дадени во табеларен приказ за воспитни групи:

**Објект „Бамби“**

| Воспитни групи | Број на групи | Норматив | Барање согласнос за зголемен број на деца | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| Хетерогена до 2 години | 1 | Од 10 до 12 деца | 20 | 8 |
| Комбинирана група од една година до тргнување на училиште | 1 | Од 15 до 20 деца | 25 | 5 |
| Над 2 до 3 години | 1 | Од 12 до 15 деца | 26 | 11 |
| Над 3 до 4 години | 1 | Од 15 до 18 деца | 28 | 10 |
| Над 4 до 5 години | 1 | Од 18 до 20 деца | 30 | 10 |
| Над 5 до 6 години | 1 | Од 20 до 25 деца | 32 | 7 |
| Вкупно | 6 | 110 | 161 | 51 |

**Објект „Ѕвездички“**

| Воспитни групи | Број на групи | Норматив | Барање согласнос за зголемен број на деца | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| До 2 години | 2 | Од 10 до 12 деца | 20 | 8 |
| | | Од 10 до 12 деца | 20 | 8 |
| Над 2 до 3 години | 1 | Од 12 до 15 деца | 26 | 11 |
| Над 3 до 4 години | 2 | Од 15 до 18 деца | 28 | 10 |
| | | Од 15 до 18 деца | 28 | 10 |
| Над 4 до 5 години | 1 | Од 18 до 20 деца | 30 | 10 |
| Над 5 до 6 години | 2 | Од 20 до 25 деца | 32 | 7 |
| | | Од 20 до 25 деца | 32 | 7 |
| Вкупно | 8 | 145 | 216 | 71 |

**Објект „Сончогледи“**

| Воспитни групи | Број на групи | Норматив | Барање согласнос за зголемен број на деца | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| До 2 години | 1 | Од 10 до 12 деца | 20 | 8 |
| Комбинирана група од една година до тргнување на училиште | 1 | Од 15 до 20деца | 25 | 5 |
| Над 2 до 3 години | 1 | Од 12 до 15 деца | 26 | 11 |
| Над 3 до 4 Години | 2 | Од 12 до 18 Деца | 28 | 10 |
| | | Од 12 до 18 Деца | 28 | 10 |
| Над 4 до 5 | 1 | Од 18 до 20 деца | 30 | 10 |
| Над 5 до 6 | 2 | Од 20 до 25 деца | 32 | 7 |
| | | Од 20 до 25 деца | 32 | 7 |
| Вкупно | 8 | 153 | 221 | 68 |

**Објект „Цветови**

| Воспитни групи | Број на групи | Норматив | Барање согласнос за зголемен број на деца | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| До 2 години | 1 | Од 10 до 12 деца | 20 | 8 |
| Комбинирана група од една година до тргнување на училиште | 1 | Од 15 до 20деца | 25 | 5 |
| Над 2 до 3 години | 1 | Од 12 до 15 деца | 26 | 11 |
| Над 3 до 4 години | 2 | Од 15 до 18 деца | 28 | 10 |
| | | Од 15 до 18 деца | 28 | 10 |
| Над 4 до 5 години | 1 | Од 18 до 20 деца | 30 | 10 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Над 5 до 6 години | 1 | Од 20 до 25 деца | 32 | 7 |
| Вкупно | 7 | 128 | 189 | 61 |

**Објект „Кокичиња“**

| Воспитни групи | Број на групи | Норматив | Барање согласнос за зголемен број на деца | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| Хетероген група од 2 до 4 години | 1 | Од 10 до 20 деца | 20 | |
| Хетерогена група од 4 до 6 години | 1 | Од 10 до 20 деца | 25 | 5 |
| Вкупно | 2 | 40 | 45 | 5 |

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1318/1
27.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 28, став 4 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13,41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18, , и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 269/23, 78/2025 И 132/2025 ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 27.08.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските средни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година

I.

Се усвојуваат барањата на општинските средни училишта за формирање паралелки со помал број на ученици и се дава согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските средни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година.

II.

Прегледбр.I – Паралелки со помал број ученици во СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани за учебната 2025-2026 година, во прва година

една паралелка = 12 ученици – во стручно образование за квалификација – техничар за транспорт и шпедиција- сектор сообраќај, транспорт и складирање на македонски наставен јазик со четиригодишно траење на образованието,

една паралелка = 6 ученици – во стручно образование за квалификација - техничар закомјутерско управување сектор машинство на македонски наставен јазик со четиригодишно траење на образованието,

една паралелка = 22 ученици – во стручно образование за квалификација - електротехничар за компјутерска техника и автоматика – сектор електротехника и информатички технологии на македонски наставен јазик со четиригодишно траење на образованието

една паралелка = 6 ученици – во стручно образование за квалификација - автомеханичар – сектор машинство на македонски наставен јазик со тригодишно траење на образованието и

една паралелка = 6 ученици – во стручно образование за квалификација – електричар - сектор електротехника и информатички технологии на македонски наставен јазик со тригодишно траење на образованието.

Преглед бр.II – Паралелка со помал број ученици во СОУ „Љупчо Сантов“– Кочани за учебната 2025-2026 година, во прва година

- една паралелка со 13 ученици во стручно образование за квалификација- асистент деловен администратор од сектор економија, право и трговија, на македонски наставен јазик со тригодишно траење на образованието.

III

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1321/1
27.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 27.08.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на извештаите за работењето на општинските основни училишта за учебната 2024 -2025 година

I.
Се усвојуваат извештаите за работењето на општинските основни училишта за учебната 2024 - 2025 година.

II.
Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1315/1
27.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 27.08.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на годишните програми за работа на општинските основни училишта за учебната 2025-2026 година

I
Се усвојуваат годишните програми за работа на општинските основни училишта за учебната 2025-2026 година.

II
Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1316/1
27.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 27.08.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на годишна програма за работа на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани за 2025/2026 година

I.
Се усвојува Годишната програма за работа на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани за 2025/2026 година.

II.
Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1315/1
27.08.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/2024), Градоначалникот на Општина Кочани донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за запирање на објавувањето на: Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година

I

Се запира објавувањето на:
Заклучокот за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година, Бр. 09-1326 /1 од 27.08.2025 година

II

Ова решение влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

О б р а з л о ж е н и е

Советот на Општината Кочани на ден 27.08.2025 година, одржа редовна седница на која донесе:
Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година, Бр. 09-1326 /1 од 27.08.2025 година.
Од увидот во актите донесени од Советот на Општина Кочани се утврди дека согласно членот 53 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.161/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020, 229/2020, 3/2025 И 74/2025) „Паралелка може да се формира и со помалку од 20 ученици по добиена согласност од основачот" но во истиот член став 7 е уредено дека „Основачот може да формира паралелка од ставот (6) на овој член, по претходно позитивно мислење од Министерството".

Од увидот во документацијата се утврди дека Општина Кочани сеуште нема добиено такво позитивно мислење од Министерството за образование и наука.
Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Бр.08-1349/1
03.09.2025 година
К о ч а н и

в.д. Градоначалник
на Општина Кочани
Венко Крстевски

# СОДРЖИНА


1. Одлуказа утврдување на работното време на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани, Бр.09-1319/1, Стр.3

2. Листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани, Бр.09-1327/1, Стр. 3

3. Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 6.50.01 во Детален урбанистички план ГЧ6 од ГУП за град Кочани, тех.бр.0801/465-17, донесен со одлука бр.09-795/1 од 22.04.2024г. Бр.09-1323/1, Стр.6

4. Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б48.16, (КП 10734/2 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.), Бр.09-1324/1, Стр. 6

5. Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б9.22, (КП 10208/6 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани (донесен со одлука бр.07-138 од 16.07.1998г.), Бр.09-1325/1, Стр. 7

6. Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани за 2026 година, Бр.09-1320/1, Стр. 8

7. Заклучок за давање согласност за организирање на продолжен престој на ученици од I-III одделение во ОУ„Св.Кирил и Методиј“-Кочани, Бр.09-1322/1, Стр. 9

8. Заклучок за давање согласност за згрижување на поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани , Бр.09-1318/1, Стр.9

9. Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските средни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година, Бр.09-1321/1, Стр.13

10. Заклучок за усвојување на извештаите за работењето на општинските основни училишта за учебната 2024 -2025 година, Бр.09-1315/1, Стр.14

11. Заклучок за усвојување на годишните програми за работа на општинските основни училишта за учебната 2025-2026 година, Бр.09-1316/1, Стр.14

12. Заклучок за усвојување на годишна програма за работа на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани за 2025/2026 година, Бр.09-1317/1. Стр.14

II.

Решение за запирање на објавувањето на: Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни училишта од општина Кочани за учебната 2025-2026 година, Бр.08-1349/1 од 03.09.2025 година Стр.15